Врз основа на член 16 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр.07/08), директорот на Центарот за образование на возрасните донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И ПОСТАПКАТА НА ПОТПИШУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината, формата и постапката за потпишувањето на договорот за следење на програмата за образование на возрасните (во натамошниот текст: договор).

**Член 2**

Потписници на договорот за следење на програмата за образование на возрасните се:

- установата, односно институцијата за образование на возрасните (во понатамошниот текст: понудувачи на услуги) и
- учесникот, односно неговиот родител, ако учесникот е малолетен.

**Член 3**

Договорот содржи податоци за:

- датум на склучување на договорот,
- установата, односно институцијата за образование на возрасните,
- учесникот, односно неговиот родител ако учесникот е малолетен,
- времетраење на програмата,
- бројот на наставните часови,
- место на одржување на програмата,
- надоместокот кој го плаќа учесникот,
- услови за раскинување на договорот,
- стекнување на сертификат за реализирана програма.

Содржината и формата на договорот е на Образец број 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Договорот содржи податоци за:

- датум на склучување на договорот,
- установата, односно институцијата за образование на возрасните,
- учесникот, односно неговиот родител ако учесникот е малолетен,
- права и обврски на понудувачот на услуги и учесникот,
- времетраење на програмата,
- место на одржување на програмата,
- плаќање на надоместокот,
- услови за раскинување на договорот,

- стекнување со сверителство за реализирана програма.

Содржината и формата на договорот е на Образец број 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Пред започнувањето на реализацијата на програмата за образование на возрасните договорот треба да биде потпишан во четири идентични примероци.

По потпишувањето на договорот по два примероци од договорот се за секоја од договорните страни.

**Член 6**

Секоја од страните кои го потпишале договорот може да го раскине доколку не се почитуваат одредбите од договорот, на начин и постапка утврдени во договорот.

**Член 7**

Доколку учесникот не ги исполнува обврските за време на реализирањето на програмата како: недоаѓање на настава, однос спрема останатите учесници, одговорност за направена штета на понудувачот на услуги или на други учесници и слично понудувачот на услуги може да го раскине договорот.

Доколку договорот е раскинат по вина на учесникот истиот нема право да бара поврат на средствата уплатени како надоместок.

**Член 8**

Доколку понудувачот на услуги не ги исполнува одредбите од договорот, учесникот може да го раскине договорот со понудувачот на услуги и да побара поврат на средствата уплатени како надоместок.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Бр. ___________
____________год.
Скопје

Директор на
ЈУ Центар за образование на возрасните - Скопје
**Љиндита Ќазими**
________________________

Образец бр.1

Врз основа на член 3 од Правилникот за содржината, формата и постапката на договорот за следење на програмата за образование на возрасните се склучи следниот

**Договор за следење на програмата за образование на возрасните**

Склучен на ден _____________, помеѓу договорните страни:

1. Установата/институцијата ___________________________________ (во понатамошниот текст: понудувач на услуги), адреса _________________ _____________________________________ општина ______________________ e-mail ________________________ тел. ___________________________ и

2. Учесникот ______________________________________________, со адреса на живеење __________________________________________, општина_____________________град_______________тел._______________ e-mail _____________________________ вклучен/а во програмата за образование на возрасни за_____________________________ _________________________.

Ако учесникот е малолетен тогаш договорот го потпишува родител/старател___________________________________________ адреса __________________________________ општина_________________ тел. _______________________ e-mail ____________________

**Член 1**

Со овој договор се регулираат правата и обврските на понудувачот на услуги и учесникот со времетраење од _________ година до _________ година.

**Член 2**

Бројот на наставните часови согласно програмата за образование на возрасните изнесува _________ часа неделно, односно ________ часа вкупно.

**Член 3**

Понудувачот на услуги е должен на учесникот да му обезбеди соодветни услови согласно нормативот за стандардите за простор, опрема и наставен кадар за следење на програмата за образование.

**Член 4**

Надоместот за трошоците за обуката на учесникот ги плаќа __________________________ во износ од ________ денари.

**Член 5**

Учесникот е должен да ги почитува правилата и прописите донесени од страна на понудувачот на услугите.

**Член 6**

Овој договор е полноважен ако е потпишан од двете страни.

**Член 7**

Договорот се раскинува во рок од 10 дена согласно Правилникот за за содржината, формата и постапката за потпишувањето на договорот за следење на програмата за образование на возрасните, по барање на некој од наведените потписници или поради престанок со работа на понудувачот на услуги.

**Член 8**

Сите договорни страни се обврзуваат да ги решаваат договорно настанатите недоразбирања. Ако договорните страни не можат да ги решат недоразбирањата спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд.

**Член 9**

По реализирањето на програмата учесникот добива сертификат за стекнати знаења, вештини и способности (компетенции) од понудувачот на услуги.

**Член 10**

Договорот стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете страни.

**Договорни страни**

| | |
|---|---|
| Понудувачот на услуги<br>Директор/управител | Учесник |
| ____________________________ | ____________________________ |
| | Родител/старател |
| | ____________________________ |

Место и датум:

____________________________

Образец бр.2

Врз основа на член 4 од Правилникот за содржината, формата и постапката на договорот за следење на програмата за образование на возрасните се склучи следниот

**ДОГОВОР**
**за следење на програмата за образование на возрасните**

Склучен на ден _____________, помеѓу договорните страни:

1.Установата/институцијата________________________________________________
(во понатамошниот текст: понудувач на услуги), адреса________________________________
општина __________________________e-mail __________________________ тел.__________
и
2.Учесникот_____________________________________,роден____________________
во____________________________________со завршено________________________________
адреса на живеење__________________________________, општина__________________
град________________тел.________________e-mail ________________________ вклучен/а во програмата за образование на возрасни за ___________________________________________.

Ако учесникот е малолетен тогаш договорот го потпишува родител/старател____________________________________________________адреса
______________________ општина_________________
тел. ________________________ e-mail ____________________

**Член 1**

Со овој договор се регулираат правата и обврските на понудувачот на услуги и учесникот.

**Член 2**

Установата/институцијата е должна на учесникот да му обезбеди соодветни услови согласно нормативот за стандардите за простор, опрема и наставен кадар за следење на програмата.

**Член 3**

Образованието се стекнува преку консултативно – инструктивна настава и полагање на испити согласно наставниот план и програма.

Наставата се реализира според распоред на часови објавен на огласна табла.

За една учебна година испитите се полагаат во ________ сесии,

Во еден испитен рок учесникот може да пријави и полага до 3 предмети.

Во еден ден учесникот може да полага намјногу еден предмет според распоредот за полагање на испити.

Распоредот на испитите се објавува на огласна табла најмалку 5 дена пред да се започне со полагање на испитите.

По завршување на секоја година учесникот запишува наредна година.

**Член 4**

Надоместот за трошоците за упис на учесникот, пријава по испит и консултативно – инструктивна настава ги плаќа ___________________________________________.

Надоместот за трошоците за пријава на завршен испит ги плаќа ________________
__________________________.

**Член 5**

Во секој испитен рок се доставуваат пријави за поагање на испити и таксени марки од страна на учесниците.

**Член 6**

Учесникот е должен да ги почитува правилата и прописите донесени од страна на установата/институцијата.

**Член 7**

Договорот се раскинува во рок од 10 дена согласно Правилникот за содржината, формата и постапката за потпишувањето на договорот за следење на програмата за образование на возрасните, по барање на некој од наведените потписници или поради престанок со работа на установата/институцијата.

**Член 8**

Сите договорни страни се обврзуваат да ги решаваат договорно настанатите недоразбирања. Ако договорните страни не можат да ги решат недоразбирањата спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд.

**Член 9**

По реализирањето на програмата учесникот добива диплома за завршена ________________________________________________________________струка, образовен профил___________________________________________________, издадена од страна на понудувачот на услуга.

**Член 10**

Договорот стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете страни.

**Договорни страни**

Понудувачот на услуги
Директор/управител
___________________________

Учесник
____________________________

Родител/старател
____________________________

Место и датум:

____________________________